Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Бр. 41-4709/4
26.05.2021 год.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

__.__.2021

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 26 став 2 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19) постапувајќи по предлогот на Комисијата за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3ха бр.41-4709/3 од 26.05.2021 година министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се поништува дел од Јавниот оглас бр. 01/21 за целина бр.35 во регионот Кисела Вода, Катастарска Општина Зелениково во вкупна површина од 18ха, 90ари и 09$м^2$.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3ха по добиено известувања од Секторот за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште бр.41-4709/2 од 14.05.2021 година, а согласно член 26 став 2 од Законот за земјоделското земјиште достави предлог за поништување на дел од Јавниот оглас бр.01/21 за целина бр.35 во регионот Кисела Вода, Катастарска Општина Зелениково во вкупна површина од 18ха, 90ари и 09$м^2$. Во предлогот е наведено дека во известувањето на Подрачна единица Кисела Вода дека за предметното земјиште Владата на Република Македонија на седницата, одржана на ден 12.05.2015 година има донесено Одлука за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште.

Согласно горенаведеното се поништува дел од Јавниот оглас 01/21 и тоа за целина бр.35 во регионот Кисела Вода, Катастарска Општина Зелениково во вкупна површина од 18ха, 90ари и 09$м^2$.

Министер,
Arjanit Hoxha


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015